**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**бр. 08-542/15**
**29.04.2022 год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), член 50 став 1 точка 11, член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02), член 62, став 1, алинеја 9 и член 91 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21, 05/21), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за формирање на Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија

1. Со ова Решение, **СЕ ФОРМИРА** Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија.

2. Врз основа на спроведената постапка на двата Јавни повици, објавени на официјалната веб-страна на Општина Гевгелија, по предлог на назначениот службеник за млади во Општина Гевгелија, за членови на Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија се назначуваат:

- Сашко Проданов, делегат номиниран од УМС на ВМРО- ДПМНЕ Гевгелија;
- Јордан Јовановски, заменик-делегат номиниран од УМС на ВМРО- ДПМНЕ ГЕВГЕЛИЈА;
- Мартин Илиев, делегат номиниран од ЛО Црвена младина од Гевгелија ЛЕВИЦА,
- Христијан Шопчев, заменик-делегат номиниран од ЛО Црвена младина од Гевгелија;
- Марија Јовановска, делегат номиниран од ОО Црвен крст Гевгелија;
- Душко Јанев, заменик- делегат номиниран од ОО Црвен крст Гевгелија;
- Ангела Шаренкова, делегат номиниран од „Мултимедија“ Здружение за мултимедијална култура Скопје;
- Надја Шопова, заменик-делегат номиниран од „Мултимедија“ Здружение за мултимедијална култура Скопје;
- Тијана Ристовска, делегат номиниран од Центар за едукација, култура и активизам МУЛТУС Гевгелија;
- Ѓорѓе Костаќев, заменик-делегат номиниран од Центар за едукација, култура и активизам МУЛТУС Гевгелија;
- Кристијан Алчинов; делегат номиниран од Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија;
- Андон Ангов, заменик- делегат номиниран од Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија;
- Благоја Панов, делегат номиниран од Регионален центар за одржлив развој Гевгелија;
- Трајче Динев, заменик-делегат номиниран од Регионален центар за одржлив развој Гевгелија;


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk

- Надица Несторова, делегат номиниран од СДММ Гевгелија;
- Дејан Марков, заменик-делегат од СДММ Гевгелија;
- Милчо Јовановски, делегат номиниран од Средношколска заедница при СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија.

3. Локалното собрание на млади, по принципот на транспарентност и јавност, го распишува повикот за членови на Локалниот младински совет, објавувајќи го истиот на веб-страната на Општината.

4. Членовите на Локалното собрание на млади работат на спроведување на активностите на Собранието, учествуваат во подготовката на документи и други активности.

5. Локалното собрание на млади врши избор на членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање, во кое право на глас имаат делегатите.

6. Мандатот на членовите на Локалното собрание на млади вклучително и на претседавачот/чката трае две години со право на уште еден избор.

7. За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.

8. Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Гевгелија.

Градоначалник
на општина Гевгелија

Андон Сарамандов
с.р.